ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

"Ферид Бајрам" 39, 1000 Скопје
Република Македонија
тел./факс: 02/ 31 21 100
www.transparency-mk.org.mk

## СООПШТЕНИЕ
## по повод поднесениот и усвоен амандман на Законот за државна ревизија

**Транспарентност Македонија** со жалење констатира дека амандманот на Законот за државна ревизија кој минатата недела беше усвоен од страна на собраниската Комисија за финансирање и буџет на предлог од пратеничка од ВМРО - ДПМНЕ а со кој му ја одзема можноста на Собранието на РМ да ги разгледува ревизорските извештаи и завршната сметка на буџетот е скандалозно и едно од досега најнедемократските решенија донесени од страна на коалициските партнери во Владата, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.

**Транспарентност Македонија** во изминатата година постојано ги повикуваше сите надлежни институции да постапат по извештаите на Државниот завод за ревизија, во кои беа констатирани низа неправилности во работењето на поголем број државни институции меѓу кои: Владата на РМ, Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата за спречување перење пари и финансирање тероризам, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Агенцијата за млади и спорт, Агенцијата за странски директни инвестиции и тн. Иако се работи за доста долг список на институции во кои се одвивало ненаменско трошење на државни пари, се разбира, до ден денес нема никаков епилог за кој било навод од државната ревизија.

**Транспарентност Македонија** смета дека правото и обврската на пратениците да ги анализираат и да дискутираат за ревизорските извештаи не смее да се укине бидејќи е спротивно на сите стандарди на демократските држави, како и на препораките на ЕУ. Со укинувањето на оваа обврска на пратениците уште повеќе се зголемува просторот за криминалот и злоупотребите на јавните пари, што е очигледна тенденција на Владата на г. Никола Груевски.

9 април 2010 г.

***ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА***